ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 36 став 1 алинеа 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РСМ" бр.05/02), член 22 став 1 алинеа 47 и член 60-г од Статутот на Општина Битола ("Службен Гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), член 5 од Одлуката за формирање на локален младински совет ("Службен Гласник на Општината Битола" бр.06/21) а во врска со член 17 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен Весник на РСМ" бр.10/20) Претседателот на Советот на Општина Битола го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## За избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Битола

1. Се формира Иницијативен одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Битола. За членови на Иницијативниот одбор се избрани:

- Тоше Атанасовски (Сојуз на извидници на Битола)
- Ангела Ристевска (СДММ-Битола)
- Ирена Стојчевска (Младински Културен Центар - Битола)
- Валентин Дамчевски (Здружение за изведувачки уметности Интимен театар – Битола)
- Симона Калица (Здружение за одржлив развој СФЕРА Интернешнал)

2. Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во формирањето на Локалното собрание на млади. Бројот на членови во Иницијативниот одбор е пет и единствено тие членови имаат за задача да го формираат Локалното собрание на млади. Времетрањето на Иницијативниот одбор е краткорочно и завршува со конституирањето на Локално собрание на млади. Работата на истото се координира и помага од службеникот за млади во Општина Битола.

3. Иницијативниот одбор во својата работа е должен да ги почитува Законот за младинско учество и младински политики ("Службен Весник на РСМ" бр.10/20) и Статутот на Општина Битола ("Службен Гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21).

4. Ова решение влегува на сила со денот на неговото донесување.

Правна поука: Против ова решение незадоволната страна нема право на жалба.

Бр. 09-61/12
02.06.2021

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола

Валентин Груевски, с.р

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија

тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk